Gmail

Evgenija Cukaleva <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com>

## Барање информација од јавен карактер

1 message

[redacted] Tue, Dec 17, 2024 at 8:27 AM

To: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com

Почитувани,
во врска со јавниот повик за наградување на талентирани ученици, барам као родител на подносител на пријава [redacted] ученик во III година во СОУ Гимназија Јосип Броз Тито- да ми доставите информација зошто нејзината пријава како единствен ученик од подрачјето на Општина Битола кој во учебната 2023/24 освои медал на меѓународна олимпијада од областа на природните науки -физика, за што уредно Ви беа доставени потребните документи е одбиена и не и е доделена награда.
Овој податок го барам како информација од јавен карактер од Општина Битола како имател на оваа информација од јавен карактер, бидејќи не постои друг инструмент за добивање на бараната информација.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 19-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 1321/1 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-132/2
19.12.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-132/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

20.12.2024 г.

23.12.2024 г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 27-12-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11-132/13

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Битола,26.12.2024 год.

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Евгенија Чукалева

Предмет: Доставување на информации

Во однос на барањето на [redacted] а во врска со јавниот повик за наградени ученици, комисијата од извршената евалуација, ја доставува следната информација:

- Има диплома за освоена прва награда на 66. Државен натпревар по физика, но нема доставено ранг листа од натпреварот

- Има ранг листа за освоена втора награда по математика, но нема доставено Диплома и е шесто рангирана на истата

- Има Сертификат за сребрен медал на Балканска олимпијада по физика

Земајќи ги предвид доставените документи, Комисијата при евалуацијата на апликациите по јавниот повик, не можела да добие јасна слика за целосна исполнетост на критериумите, затоа што се доставени повеќе различни признанија, без да се наведе кое признание да биде земено предвид, додека за Балканската олимпијада не е даден детален опис за карактеристиките на на натпреварот согласно критериумите во повикот.

По доставувањето на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Комисијата за евалуација, истото го разгледа од аспект на приговор, при што повторно ја отвори апликацијата н[redacted] и изготви записник за утврдените забелешки при евалуацијата, при што за

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

крајниот резултат од повторната евалуација на оваа апликација, директно ќе биде известен апликантот од страна на Комисијата.

Со почит,

Комисија за избор и евалуација за доделување на награди за наградени ученици во основни и средни училишта

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-132/4
27.12.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **19.12.2024 година** до Општина Битола, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-132** од **19.12.2024 година**, каде бара информација во врска со јавниот повик за наградување на талентирани ученици.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-132 на ден 19.12.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација во врска со јавниот повик за наградување на талентирани ученици.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-132/1 од 19.12.2024
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-132/2 од 19.12.2024
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр.11-132/3 од 27.12.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 27.12.2024 година, под бр. 11-132/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-132/4
27.12.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **19.12.2024 година** до Општина Битола, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-132** од **19.12.2024 година**, каде бара информација во врска со јавниот повик за наградување на талентирани ученици.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-132 на ден 19.12.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација во врска со јавниот повик за наградување на талентирани ученици.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-132/1 од 19.12.2024
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-132/2 од 19.12.2024
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр.11-132/3 од 27.12.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 27.12.2024 година, под бр. 11-132/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА